Министерството за финансии врз основа на член 22 став 1 алинеја 2, став 3, став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“, број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 став 1 точка 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, објавува

**ОГЛАС БРОЈ 6/2025 ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

I.Министерството за финансии објавува оглас за вработување на 7 (седум) лица на определено време, заради привремено зголемен обем на работа, за период од една година, на следните работни места, и тоа:

**1. Помлад соработник за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии – Штип, Одделение за регионално трезорско работење, Сектор за трезор– (1 извршител);**

<u>**Потребни квалификации:**</u>

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен општествени науки - економија и бизнис или право;
- со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

<u>**Распоред на работно време:**</u>

- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

<u>**Основна нето плата:**</u> 31.639,00 денари.

**2. Соработник - администратор на ИТ безбедност, Одделение за ИКТ контрола и безбедност, Сектор за ИТ технологија и дигитализација – (1 извршител);**

<u>**Потребни квалификации:**</u>

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен природно математички науки - компјутерски и информациски науки;
- најмалку една година работно искуство во струката;


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 634
www.finance.gov.mk

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

<u>Распоред на работно време:</u>

- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

<u>Основна нето плата:</u> 33.454,00 денари.

**3. Соработник за работи непосредно поврзани со министерот, заменикот на министерот и државниот секретар, Одделение за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар, Сектор Кабинет на министерот– (1 извршител);**

<u>Потребни квалификации:</u>

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен општествени науки - економија и бизнис, право или политички науки;
- најмалку една година работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

<u>Распоред на работно време:</u>

- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

<u>Основна нето плата:</u> 33.454,00 денари.

**4. Возач, Одделение за административно-техничка поддршка, Сектор за општи работи – (1 извршител);**

<u>Потребни квалификации:</u>

- средно образование;
- возачки испит Б категорија;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

<u>Распоред на работно време:</u>

- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 634
www.finance.gov.mk

-

**Основна нето плата:** 24.894,00 денари.

**5. Помлад соработник за првостепена управна постапка, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Карпош, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи – (1 извршител);**

**Потребни квалификации:**
- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен општествени науки - право;
- со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

**Распоред на работно време:**
- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

**Основна нето плата:** 31.639,00 денари.

**6. Помлад соработник за водење на административните процеси, Одделение за оптимизација на процесите, Сектор за развој и управување, Управа за имотно правни работи – (1 извршител);**

**Потребни квалификации:**
- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование;
- со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

**Распоред на работно време:**
- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

**Основна нето плата:** 31.639,00 денари.

**7. Помлад соработник за евиденција и општи работи, Одделение за сметководствен систем, ревизија и за системот на плаќања, Сектор за финансиски систем – (1 извршител);**

**Потребни квалификации:**

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование;
- со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

**Распоред на работно време:**

- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

**Основна нето плата:** 31.639,00 денари.

Заинтересираните кандидати треба да доставaт докази за исполнување на условите што се бараат за работното место на кое аплицираат, односно: кратка биографија – CV со задолжително наведен контакт телефон и адреса; фотокопија од доказ за завршено образование кое се бара за работното место; Потврда од Агенција за вработување на Република Северна Македонија како доказ за бараното работно искуство; фотокопија од уверение за државјанство; фотокопија од доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), фотокопија од доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и за работното место под реден број 4 - копија од положен возачки испит Б категорија.

Потребната документација да се достави во затворен коверт на следнава адреса:

**Министерство за финансии**
**ул. „Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје**
**(со назнака „за оглас за вработување“)**

На ковертот да се наведе бројот на огласот и бројот на работното место на кое се аплицира, со напомена: „Не отворај“.

Рокот за доставување на потребната документација е три (3) работни дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана.

По разгледување на поднесените пријави, кандидатите кои имаат уредна документација ќе бидат повикани за дополнителна селекција во просториите на Министерството за финансии.

Министерството за финансии ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Лица за контакт:
Верица Стоилова - тел. 02/ 3255 619; verica.stoilova@finance.gov.mk
Кимет Куртиши - тел. 02/ 3255 634; kimet.kurtisi@finance.gov.mk